

Јули, 2025

Врз основа на Член 42 од Законот за основно образование („Службен весник на Р.М. бр.161/2019, 229/20, 3/25 и 74/25) и Правилникот за начин на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта донесен од Министерот за образование и наука на 04.08.2025 година и врз основа на годишната програма за работа на ООУ „Александар Урдаревски“ с.Сандево за учебната 2025/2026 год. и со одлука на училишниот одбор се изготви Програма за екскурзии, излети и други вонучилишни активности за учебната 2025/2026година

А. ЦЕЛИ:

1. Совладување и проширување на знаењата;

2. Примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите, како и односи во природната и општествената средина;

3. Запознавање со природните убавини, културно-историските знаменитости, индустриските и земјоделските капацитети во поблиската и поширокатa околина, во согласност со воспитно-образовната работа на училиштето.

Активност	Време на изведување	Релација	Одделение
Еднодневен есенски излет	Октомври	Хиподром	II– IX одд.
Еднодневен пролетен излет	Мај/Јуни	Парк шума Гази Баба	I – IX одд.
Тридневна екскурзија	Септември/Октомври или Мај/Јуни (во зависност од интересот на учениците и родителите)	Скопје-Тетово-Гостивар-Кичево-Вевчани-Струга-Охрид-Ресен –Преспа-Битола-Прилеп- -Велес-Скопје	IX одд.
Дводневна екскурзија	Септември/Октомври или Мај/Јуни (во зависност од интересот на учениците и родителите)	Скопје – Стоби – Демир Капија - Струмица - Дојран - Радовиш - Скопје	VI одд.
Настава во природа	Септември/Октомври или Мај/Јуни (во зависност од интересот на учениците и родителите)	Скопје-Тетово-Гостивар-Кичево-Вевчани-Охрид-Ресен –Преспа-Битола-Прилеп- -Велес-Скопје	V одд

Еднодневна екскурзија	Мај/Јуни	Маврово	III одд.
Набљудувања	Во текот на годината	Според програмата	I IX одд
Посети	Во текот на годината	Според програмата	I-IXодд

Б. РАСПОРЕД НА УЧИЛИШНИ ЕКСКУРЗИИ

1. Есенски еднодневен излет

Локалитет: Хиподром

Време на реализација: септември/октомври
Одделение: од I до IX одделение

Цели и задачи:

1. Стекнување и проширување на знаењата за локалитетот;

2. Развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики

   за здраво живеење;

3. Развивање на дружељубивост, другарство, позитивни карактерни особини;

4. Подигање на еколошката свест

Реализација на целите и задачите:

- Посетата и разгледувањето на околината ќе им овозможи на учениците да го осознаат непроценливото општокорисно значење на карактеристичниот пејсаж ;
- Со престојот на овој локалитет, учениците ќе имаат можност да ги прошират своите сознанија;
- Развивање на другарство, унапредување на позитивни карактерни особини преку меѓусебно дружење, играње на разни игри со

правила, водење грижа за себе и групата;

- Учениците ќе спортуваат и ќе се рекреираат во чиста и незагадена природа;
- Учениците ќе ја подигнат еколошката свест преку унапредување на навики за одржување на чистата природа, нејзина заштита и складирање на отпадоците на одредени места.

Раководител на екскурзијата: Директорот на училиштето

Одговорни наставници: одделенските наставници и одделенските раководители од I до IX одд

Правци на патување: с.Сандево –Хиподром-с.Сандево

Техничка организација: Безбедни патнички автобуси

Начин на финансирање: Превозот е финансиран од родителите на учениците

2. Пролетен еднодневен излет

Одделение: од I до IX одделение

Локалитет: Парк шума Гази Баба

Време на реализација: мај/јуни

Цел и задачи :

- Запознавање со природните убавини на манастирот и неговата околина;
- стекнување и проширување на знаењата од географија;
- рекреација во природа;
- развивање на еколошка свест и навики.

Реализација на целите и задачите:

- Преку престојот во Парк шумата Гази Баба и нејзината околина, учениците ќе се запознаат со природните убавини, како што се чистата шумска вегетација, ливадите;
- Преку воочување на значењето на чистата природа за здравјето на човекот, ќе се однесуваат еколошки одговорно, водејќи грижа за нејзиното зачувување и незагадување;
- Развивање интерес за спортски активности и здраво живеење.

Раководител на екскурзијата: Директорот на училиштето

Одговорни наставници: одделенските наставници и одделенските раководители од I до IX одд.
Правци на патување: с.Сандево-Парк шума Гази Баба -с.Сандево

Техничка организација: Безбедни патнички автобуси

Начин на финансирање: Превозот е финансиран од родителите н аучениците

3.ПРОГРАМА За реализација на еднодневна екскурзија за учениците од III одделение во учебната 2025/2026 год

Место на реализација: Скопје - Маврово - Скопје

Време за реализација: мај/јуни 2026 год.

Раководители на екскурзијата

1.Сузе Велковска Радевска– Директор

2. Одд. раководител на III одд-Кристина Јаневска, Ана Гурмешевиќ

Податоци за екскурзијата

ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ

Со реализација на оваа екскурзија со општествено воспитно – образовен карактер ќе се потврдат и утврдат веќе стекнатите знаења, односно учениците треба да усвојат суштински, систематизирани и научно потврдени знаења за растенијата и животните, како и да се продлабочи интересот за понатамошно изучување на живата и неживата природа, дружење и забавата.

ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ

- Рекреација на учениците на отворен простор;
- Унапредување на еколошката свест.

РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЦЕЛИТЕ И ЗАДАЧИТЕ

- Учениците ќе се рекреираат на отворен простор со реализација на основни спортски активности;
- Учениците ќе ги унапредат еколошките навики преку водење грижа за природата и складирање на отпадоците на одредени места;
- Забава и дружење во текот на екскурзијата.

ВРЕМЕТРАЕЊЕ

Екскурзијата со воспитно-образовен карактер за учениците од III одделение ќе се реализира во месец мај во траење од еден ден.

ЛОКАЦИИ ЗА ПОСЕТУВАЊЕ И ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ

- Правец на патување: Скопје - Маврово - Скопје
- Тргање во 8:00 часот од пред училиште релација с.Сандево - Маврово – Скопје
- Разгледување на природните убавини во Маврово, Мавровско езеро, посета на маснастири, посета на Зоолошката градина во Маврово
- Враќање во 16 часот во попладневните часови

Техничка организација:

Согласно Правилникот за начинот за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта донесен од МОН, ООУ„Александар Урдаревски“ с.Сандево ќе спроведе постапка со барање за прибирање на понуди за организирање на еднодневна екскурзија со објавување на јавен оглас во најмалку два весника.

Постапката ќе ја спроведува Комисијата составена од пет члена и тоа три члена од редовите на членовите на Советот на родители од генерацијата за која се спроведува екскурзијата и два члена од редот на наставниците.

Еднодневната екскурзија за учениците од III одделение во учебната 2025/2026 година, ќе ја реализира Туристичка Агенција која што ќе биде избрана од страна на училишната комисија за избор на најповолна понуда и која ќе ги исполнува сите потребни пропишани критериуми.

НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ

Екскурзијата ќе биде финансирана од страна на родителот - старателот, а за некои ученици коишто се материјално загрозени агенцијата ќе ги покрие трошоците. Екскурзијата ќе ја реализира туристичка агенција којашто ќе биде избрана од страна на училишната комисија и која ќе ги исполнува сите потребни и пропишани критериуми од објавениот тендер од страна на ООУ „Александар Урдаревски“ с.Сандево. За обезбедување на учениците ќе се грижат класните раководители на третите одделенија.

4.ПРОГРАМА За реализација на тридневна екскурзија за учениците од IX одделение во учебната 2025/2026 година

Место на изведување: Охрид

Време за изведување: септември /октомври 2025г. или мај/јуни 2026 г.

Стручниот тим на екскурзијата го сочинуваат:

1.Сузе Велковска Радевска –Директор

2. Одд. раководител на IXа – Благица Гогова

3. Одд. раководител на IXб – Весна Вучковска

Податоци за екскурзијата

ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ

Со реализација на оваа екскурзија со општествено воспитно – образовен карактер ќе се потврдат и утврдат веќе стекнатите знаења,односно учениците треба да усвојат суштински,систематизирани и научно потврдени знаења за минатото и сегашноста, да придонесат за разгледување на вредносен систем на однесување кон својот народ и држава, кон другите народи и држави како и да се продлабочи интересот за понатамошно изучување на историските настани и процеси, дружењето и забавата.

ЗАДАЧИ

Образовни:

- Да се утврдат основните знаења за историските настани, појави, процеси и личности од националната историја;
- Да се запознаат со остатоците од нашето блиско и далечно минато и нивното значење;
- Да се цени културното наследство на својот народ, а со тоа и другите народи кои живеат во овие простори;
- Да се поттикнува чување, негување и презентирање на културните вредности.

Воспитни:

- Развивање на љубов кон татковината и нејзините вредности;

- Развивање интерес за природата и градење на еколошки навики;
- Развивање љубов кон изучување на историјата;
- Поттикнување и исполнување на позитивни и емоционални доживувања;
- Социјализација и стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе;
- Градење чувство за патриотизам.

ВРЕМЕТРАЕЊЕ

Екскурзијата со воспитно-образовен карактер за учениците од IX одделение ќе се реализира во времетраење од три дена.

ЛОКАЦИЈА ЗА ПОСЕТУВАЊЕ И ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ

1 **ден:** : Тргнување од пред училиште во 7.30 часот на релација Скопје - Охрид по следнава маршута: Скопје -Тетово – посета на Шарена Џамија, Гостивар со попатно разгледување на Полошката Котлина и посета на изворот на реката
2 Вардар - Вруток (пауза за појадок). Посета на манастирот Свети Јован Бигорски и посета на женскиот манастир Рајчица, . Посета на Вевчани и Вевчански Извори - Струга. Разгледување на градот и истекот на реката Дрим од Охридското Езеро, посета на куќата на Миладиновци. Пристигнување во Охрид, сместување, вечера и ноќевање.

2 ден:

- Појадок и посета на Манастирот „Св Наум Охридски “ и Заливот на коските,национален парк Галичица –видиковец, посета на Преспа преку Ресен (Посета на дом на култура Драги Тозија), ручек во Преспа – ланч пакет разглед на Преспанско езеро, посета на село Љубојно и Брајчино, враќање во хотел во Охрид , вечера, забава во хотелот и ноќевање.

3 ден

- Појадок, посета на градот Охрид Лихнидос, Стари град, Антички театар, Плаошник и Самуилова тврдина, Црква „ Св. Софија “ - Охрид, Црква, Св. Јован Богослов”- Канео, враќање во хотелот и ручек, напуштање на хотелот, враќање кон Скопје преку Битола, посета на Битола- Широк сокак и Хераклеа, Се продолжува за Прилеп со посета на Маркови Кули со кратка пауза. По кратка пауза се патува кон Скопје со пристигнување во попладневните часови.
- **ОБЈЕКТ ЗА СМЕСТУВАЊЕ**

Сместување во хотели со најмалку 3* на крајбрежјето на Охридското езеро. Објектите да ги имаат сите потребни стандарди кои се неопходни во однос на намената на самиот објект. Хотелите да располагаат со соодветен број на соби, двокреветни и трокреветни за да се сместат учениците. Овие хотели да содржат добро организиран простор за одржување на лична хигиена како и соодветни училници за изведување на настава. Хигиената во објектите, кујните и другите простории се одржуваат на високо ниво, а убавите трпезарии и другите пропратни простории ќе придонесат за пријатен престој на учениците. Исто така хотелите да располагаат со спортски објетки и терени во

непосредна околина за непречено реализирање на спортско рекреативните активности- кошарка, одбојка, и други спортски натпреварување мегу учениците. Вечерниот културно забавен живот на учениците исто така ќе се реализира во објектите кои нудат добри услови и простор за таа намена.

КОДЕКС ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА ВРЕМЕ НА УЧИЛИШНИТЕ ЕКСКУРЗИИ

1. Ученикот треба достојно да го претставува училиштето.
2. Ученикот да не го нарушува јавниот ред и мир,насилно да се однесува и да не направи материјална штета.
3. Ученикот да не се оддалечува од групата и хотелот без дозвола на одговорниот наставник.
4. Ученикот да избегнува конфликти со ученици и други лица.
5. Ученикот да го почитува одделенскиот раководител и другите предметни наставници, да биде дисциплиниран и пристојно да се однесува.
6. Ученикот да го почитува куќниот ред во хотелот во кој престојува.
7. Ученикот да го почитува времето за одмор во ноќните часови од 12.00 на полноќ до 6.00 наутро.

НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ

Екскурзијата ќе биде финансирана од страна на родителот – старателот, а за некои ученици коишто се материјално загрозени агенцијата ги покрива трошоците.

Екскурзијата ќе ја реализира туристичка агенција која што ќе биде избрана од страна на училишната комисија и која ќе ги исполнува сите потребни и пропишани критериуми од објавениот оглас од страна на ООУ „Александар Урдаревски“ с.Сандево.

5.ПРОГРАМА За реализација на дводневна екскурзија за учениците од VI одделение во учебната 2025/2026 год.

Место на изведување: Струмица

Време за изведување: : септември /октомври 2025г. или мај/јуни 2026 г.

Раководители на екскурзијата

1.Сузе Велковска Радевска – Директор

3. Одд. раководител на VI-а одд- Стефан Ацковски и Николина Ѓорчевска одд. раководител на VI-б одд

Податоци за екскурзијата

ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ

Со реализација на оваа екскурзија со општествено воспитно – образовен карактер ќе се потврдат и утврдат веќе стекнатите знаења,односно учениците треба да усвојат суштински,систематизирани и научно потврдени знаења за минатото и сегашноста, да придонесат за разгледување на вредносен систем на однесување кон својот народ и држава, кон другите народи и држави како и да се продлабочи интересот за понатамошно изучување на историските настани и процеси, дружењето и забавата.

ЗАДАЧИ

Воспитно образовни задачи:

- Да се оспособат са составуваат вест и извештај;
- Да се запознаат со остатоците од нашето блиско и далечно минато и нивното значење;
- Да набројуваат остатоци од материјалната култура во Источна Македонија;
- Да се запознаат со антички локалитети од VII век пр.н.е.;
- Да се оспособат да објаснуваат за различните култури и нивните карактеристики;
- Да умее да ги наброи и опише различни религии;
- Да умее да ги објаснува поимите река,езеро и водопад;
- Да се оспособи да ги објаснува елементите кај реките и езерата;
- Развивање на љубов кон татковината и нејзините вредности;
- Развивање интерес за природата и градење на еколошки навики;
- Развивање љубов кон изучување на историјата;
- Поттикнување и исполнување на позитивни и емоционални доживувања;
- Социјализација и стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе;
- Градење чувство за патриотизам.

Содржина на активности

- Посета на манастири, цркви и други знаменитости;
- Разговори со кустоси, свештени лица, локално население и водичот;
- Спортски активности;
- Забава и дружење во текот на екскурзијата.

ВРЕМЕТРАЕЊЕ

Екскурзијата со воспитно-образовен карактер за учениците од VI одделение ќе се реализира во месец мај во времетраење од два дена.

ЛОКАЦИЈА ЗА ПОСЕТУВАЊЕ И ПРАВЦИ НА ПАТУВАЊЕ

- **1 ден:** Тргнување во 07.30 мин пред училиштето. Се посетува Спомен куќа на Кочо Рацин во Велес . Потоа се посетува винаријата „Вила Марија“. Потоа се упатуваат кон Дојран каде што имаат посета на градот и посета на граничниот премин Дојрани. Се упатуваат кон Струмица каде што се посетуваат Колешински водопади. Прошетка низ градот Струмица. Сместување во хотел , вечера и ноќевање во Струмица.
- **Втор ден** : По доручекот се упатуваат кон посета на манастирот Водоча, а потоа манастирот Вељуса. Следува враќање во хотел со ручек и мал одмор. По ручекот се упатуваат кон Радовиш каде ќе ја посетат црквата Св. Троица. По нејзиното разгледување се продолжува кон Пробиштип посета на Лесновски Манастир, потоа патување кон Крива Паланка и посета на манастирот Св.Јоаким Осоговски . Враќање за Скопје во вечерните часови.

ОБЈЕКТ ЗА СМЕСТУВАЊЕ

Хотелите да се наоѓаат во градот Струмица. Објектите да ги имаат сите потребни стандарди кои се неопходни во однос на намената на самиот објект. Хотелите да располагаат со соодветен број на соби, двокреветни и трокреветни за да се сместат учениците. Овие хотели да содржат добро организиран простор за одржување на лична хигиена како и соодветни училници за изведување на настава. Хигиената во објектите, кујните и другите простории се одржуваат на високо ниво, а убавите трпезарии и другите пропратни простории ќе придонесат за пријатен престој на учениците. Вечерниот културно забавен живот на учениците исто така ке се реализира во објектите кои нудат добри услови и простор за таа намена.

КОДЕКС ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА ВРЕМЕ НА УЧИЛИШНИТЕ ЕКСКУРЗИИ

1.Ученикот треба достојно да го претставува училиштето.
2.Ученикот да не го нарушува јавниот ред и мир,насилно да се однесува и да не направи материјална штета.
3.Ученикот да не се оддалечува од групата и хотелот без дозвола на одговорниот наставник.
4.Ученикот да избегнува конфликти со ученици и други лица.
6.Ученикот да го почитува одделенскиот раководител и другите предметни наставници, да биде дисциплиниран и пристојно да се однесува.
7.Ученикот да го почитува куќниот ред во хотелот во кој престојува.
8.Ученикот да го почитува времето за одмор во ноќните часови од 12.00 на полноќ до 6.00 наутро.

Техничка организација:

Согласно Правилникот за начинот за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта донесен од МОН, ООУ„Александар Урдаревски“ с.Сандево ќе спроведе постапка со барање за прибирање на понуди за организирање на дводневна екскурзија со објавување на јавен оглас во најмалку два весника.

Постапката ќе ја спроведува Комисијата составена од пет члена и тоа три члена од редовите на членовите на Советот на родители и два члена од редот на наставниците.

Дводневната екскурзија за учениците од VI одделение во учебната 2025/2026 година ќе ја реализира Туристичка Агенција која што ќе биде избрана од страна на училишната комисија за избор на најповолна понуда и која ќе ги исполнува сите потребни пропишани критериуми.

НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ

Екскурзијата ќе биде финансирана од страна на родителот – старателот, а за некои ученици коишто се материјално загрозени агенцијата ги покрива трошоците.

Екскурзијата ќе ја реализира туристичка агенција којашто ќе биде избрана од страна на училишната комисија и која ќе ги исполнува сите потребни и пропишани критериуми од објавениот оглас од страна на ООУ „Александар Урдаревски“ с.Сандево

6.П Р О Г Р А М А За организирање и реализирање на наставата во природа за учебната 2025/2026 за учениците од V одделение

Место на изведување: Струга

Време за изведување: **: септември /октомври 2025г. или мај/јуни 2026 г.**

. Врз основа на Член 42, Став 1, од Законот за основно образование („Службен весник на Р.М. бр.161/2019). Министерот за образование и наука донесе правилник за начин на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта Врз основа на Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2025/2026 година и со одлука на Училишниот одбор се изготви Програмата за реализација на настава во природа за петто одделение 2025/2026 година.

Раководители на наставата во природа

1.Сузе Велковска Радевска –Директор

2. Одд. наставник на V одд. –Гордана Димитриева

ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВАТА ВО ПРИРОДА

Воспитно – образовни цели

- запознавање со природното, културното и историското наследство на посетените места;
- развивање позитивен однос кон: националните, културните и естетските вредности;
- почитување на традицијата и културното наследство на својата заедница и другите заедници;
- градење чувство за патриотизам, толеранција и соживот;
- поттикнување и манифестирање на позитивни емоции; социјализација, колективна заштита и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;
- негување и развивање на индивидуалната, тандемската и групната работа помеѓу учениците и позитивните навики како што се самостојноста, толеранцијата и истрајноста*;*
- применување на познатите техники за учење во различни конкретни ситуации (набљудување, собирање податоци, споредување, истражување, анализирање и сл.);
- воспоставување, развивање и негување на пријателството-другарството и колективниот дух;
- развивање на натпреварувачкиот дух;
- развивање интерес за спортски активности, рекреација и создавање навики на здраво живеење и здраво тело;
- грижа за сопственото здравје, развивање хигиенски и културни навики;
- подобрување на психо-физичката состојба на учениците;
- развивање на еколошката свест;
- формирање навики за организирано културно користење на слободното време.
- Да се оспособат за правилно усно и писмено изразување според доживеан настан, со примена на што повеќе придавки и правилно формулирани реченици, при тоа запазувајќи ги изучените граматички и правописни правила.
- Да анализираат песна со примена на повеќе техники од јазична писменост.
- Да се оспособат за литературно творење по набљудување со примена на техники од јазична писменост, при тоа запазувајќи ги изучените граматички и правописни правила
- Да се оспособат за прибирање, средување и читање на податоци и да цртаат едноставни линиски дијаграми, пр: за да ја прикаже промената на температурата.
- Одговара на прашања за собирање, селекција и организирање на релевантни податоци. Извлекува заклучоци од сопствените и податоците на другите и идентификува дополнителни прашања
- Да се оспособат за прибирање, средување и читање на податоци и да цртаат столбест дијаграм за да го прикажат најомилениот спорт кај учениците од петтите одделенија.
- Да ја усвојат песната и да се поттикнува интересот и навиката за слушање на народна музика и пеење

- Да ги увежбаат чекорите на македонското народно оро и да се поттикнува интересот за слушање народна музика и играње оро
- Да ги совладуваат правилата на штафетните игри, да ги почитуваат правилата на игра и фер-плеј однесување. Да се развива целокупната мускулатура и да се поттикнува спортскиот дух и навики.
- Да развива култура на однесување во спортување (како учесник и навивач, победен и поразен) и да се поттикнуваат спортските навики.
- Да се запознае со минатото и културно-историските вредности на РСМ, преку посета на културни, историски, верски објекти, археолошки наоѓалишта и стара архитектура на Охрид.
- Да слика според набљудување, што поблиску до реалноста.
- Да ги анализираат ликовните творби (начинот на ликовното изразување).

ЗАДАЧИ:

- Непосредно запознавање на нашето културно-историско наследство
- Проширување на знаењата за природните езера, нивната искористеност како и грижата за нивна заштита од загадување
- проширување на знаењата за флора и фауна во Охридското Езеро
- Запознавање со градовите Струга и Охрид и специфичностата на македонската архитектура
- Развивање: љубопитност, досетливост, упорност и истрајност, свест за зачувување на природата, природните реткости и други духовни и материјални вредности;
- Проширување на знаењата за историското минато на нашиот народ.

СОДРЖИНИ И АКТИВНОСТИ

Западна Македонија – градови, реки, планини, кањон, извор ,езера, музеи, средновековни градби, цркви,манастири.

- набљудување, насочено внимание, прибирање податоци, фотографирање на објектите, предметите;
- собирање на материјали и податоци со географските содржини од секој посебен објект; -организирање на спортски и други рекреативни игри.

(образование; екологија; лековити и ароматични растенија; споменици на културата; спорт и рекреација; производно корисна и друга работа; разонода, забава)

Учениците ќе престојуваат во Струга, во установа во која има простории за изведување на планираните активности за секој работен ден, по предходно реализираната посета на определени локалитети и атрактивни места.

ВРЕМЕТРАЕЊЕ

Наставата во природа за V одделение ке се реализира во Мај/Јуни 2026 год. во времетраење од 3 дена.

МЕСТО НА ИЗВЕДУВАЊЕ

Местото на изведување на настава во природа – Струга е избрано за да може учениците да се запознаат со западниот дел на нашата татковина, со прекрасните убавини на Охридското Езеро, со карактеристиките на релјефот (ридче, рид, планина, котлина, поле, река, селска населба и друго), а исто така учениците да се запознаат со животинскиот и растителниот свет, со поими непосредно поврзани со сообраќајот, со стопанските објекти, со животот и работата на лугето во регионот, со богатствата на земјата, со минатото на овој регион на нашата татковина.

ОБЈЕКТ ЗА СМЕСТУВАЊЕ

Одмаралиштето да се наоѓа во градот Струга,сместено на крајбрежјето на Охридското Езеро. Објектите да ги имаат сите потребни стандарди кои се неопходни во однос на намената на самите објекти. Одмаралиштето да располага со соодветен број на соби, двокреветни и трикреветни, за да се сместат учениците. Овие одмаралишта да содржат добро организиран простор за одржување на лична хигиена, како и соодветни училници за изведување на настава. Хигиената во објектите, кујните и другите простории се одржува на високо ниво, а убавата трпезариија и другите пропратни простории ќе придонесат за пријатен престој на учениците. Исто така одмаралиштата да располагаат со спортски објетки и терени во непосредна околина, за непречено реализирање на спортско-рекреативните активности (кошарка, одбојка и други спортски натпреварувања меѓу учениците). Вечерниот културно- забавен живот на учениците исто така ќе се реализира во објектите кои нудат добри услови и простор за таа намена.

ЛОКАЦИИ НА ПАТУВАЊЕ

1 ден:

Тргнување од пред училиште во 7.30 часот на релација Скопје - Струга по следнава маршута: Скопје -Тетово – посета на Шарена Џамија, Гостивар со попатно разгледување на Полошката Котлина и посета на изворот на реката Вардар - Врутоκ (пауза за појадок). Посета на манастирот Свети Јован Бигорски и посета на женскиот манастир Рајчица, . Посета на Вевчани и Вевчански Извори - Струга. Разгледување на градот и истекот на реката Дрим од Охридското Езеро, посета на куќата на Миладиновци. сместување, вечера и ноќевање.

2 ден:

- Појадок и посета на градот Охрид Лихнидос, Стари град, Антички театар, Плаошник и Самуилова тврдина, Црква „ Св. Софија “ - Охрид, Црква,Св. Јован Богослов”-Канео, враќање во одморалиште, ручек, слободно време за реализирање на планирани активности, вечера и ноќевање.

3 ден:

- Појадок, посета на Манастир „Св Наум Охридски“, посета на Наколно живеалиште „град на вода“, враќање во одмаралиштето за ручек, напуштање на хотелот, враќање кон Скопје преку Битола посета на Битола- Широк сокак и Хераклеа, Се продолжува за Прилеп со посета на Маркови Кули со кратка пауза. По кратка пауза се патува кон Скопје со пристигнување во попладневните часови.
- Враќање за Скопје во вечерните часови.

КОДЕКС ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ЗА ВРЕМЕ НА УЧИЛИШНИТЕ ЕКСКУРЗИИ

1. Ученикот треба достојно да го претставува училиштето.
2. Ученикот да не го нарушува јавниот ред и мир,насилно да се однесува и да не направи материјална штета.
3. Ученикот да не се оддалечува од групата и хотелот без дозвола на одговорниот наставник.
4. Ученикот да избегнува конфликти со ученици и други лица.
5. Ученикот да го почитува одделенскиот раководител и другите предметни наставници, да биде дисциплиниран и пристојно да се однесува.
6. Ученикот да го почитува куќниот ред во хотелот во кој престојува.
7. Ученикот да го почитува времето за одмор во ноќните часови од 12.00 на полноќ до 6.00 наутро.

КОНКРЕТИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА НАСТАВА

Избор, распоред и структурирање на содржините од наставната програма:

При планирањето и организирањето на наставата во природа потребно е да се води сметка за опфаќањето на обработените теми и темите кои ќе се обработуваат во петто одделение при што појдовна точка е природно научното подрачје, со интегрирање на останатите подрачја (македонски јазик, математика, историја и општество, физичко и здравствено образование, музичко образование и ликовно образование).

АКТИВНОСТИ	
на наставникот	на учениците

- планира бројност, обем и вид на активности, - координира, - соработува во изведување на активностите - следи, насочува; - поттикнува, охрабрува, помага, - стимулира поединци, нуди идеи, - прифаќа идеи од ученици;	- го следат објаснувањето на наставниците при попатното посетување на објектите. - набљудува, - опишува, - споредува, - објаснува, - толкува, - групира и класифицира, - илустрира, - известува, заклучува, прават интервју, - фотографираат, илустрираат - ги средуваат собраните податоци со изработка на книга
Следење и вреднување	Квантум на знаења; Постапки (однесување) на ученикот; Начин на комуникација со соучениците, со наставниците, со останатите кои се во објектот; Прецизност и точност во усното изразување; Стил и јазик на писмено изразување; Однос кон работата; Естетско обликување на трудот.

Ден	Наставен предмет	содржини	цели	активности	Место на реализација
Прв ден	Македонски јазик	Писмено изразување-творење на тема „Силата и убавината на реката Вардар“.	Ученикот самостојно да твори песна каде ќе употреби рима и стилска фигура-компарација	Самостојно творење поезија на тема „Силата и убавината на реката Вардар“	Училница (по стигнување во објектот)

	Математика	Работа со податоци	Учениците да се оспособат да ги средат собраните податоци и да ги претворат во мерни единици	Мери длабочина на изворот во единици мерки; Мери должина на пат Скопје - Струга во километри;	На изворот Вруток, Во автобус (Километража на поминат пат)
	Историја и општество	Цртање на нема карта	Да се ориентира на географска карта, да умее да црта на нема карта	Набљудување и цртање на нема карта	Во училница
	ФЗО	Вежби за организирано поставување и движење во колона	Учениците да се оспособат правилно по команда организирано да се постават во колона и правилно на се движат	Организирано поставување во колона по двајца и движење во колона	По пат до сместувањето

Втор ден	Македонски	Интервју со занаетчија, капетан на брод и вработен во хирдобилошкиот завод	Ученикот да умее да поставува прашања преку кои ќе ги добие правите одговори	Се среќава со занаетчија, капетан на брод и вработен во хидробиолошкиот завод; Поставува прашања и ги прибележува одговорите; Ги средува одговорите и пишува извештај	Покрај езерото, во занаетчиските работилници, во заводот и во училница
	Математика	Мерење	Да се оспособи да мери растојание со метар,и да поставува и решава текстуални задачи поврзани со мерењето	Мери растојание помеѓу мостовите во метри	Кејот на реката и во училница
	ФЗО	Вежби за развој и оформување на телото со елементи од гимнастика Меѓуодделенски натпревар во фудбал (ракомет, одбојка или народна)	Умеење за правилно изведување на вежбите Развивање на натпреварувачки дух, почитување на правилата	Формираат круг,изведуваат вежби за вратот, горните и долните екстремитети и вежби за трупот Поделба по одделенија	На брегот На игралиште
	Природни науки	Мерење на температурата на водата и воздухот	Да научат како и со кои инструменти се мери температурата на водата и воздухот	Слушаат предавања од стручни лица; Мерат температура на вода и воздух и прибираат податоци; Средуваат податоци	Хидробиолошки завод и училница

	Музичко образование	Пеење по слух на песната „Билјана платно белеше“	Учениците да се оспособат да ја пеат песната по слух, правило да зазамаат пеачки став, правилно и точно да ги изговараат зборовите на песната	Слушање на песната на ЦД плеер, Анализа на содржината на песната; Пеење по музички реченици;	Во училница
	Ликовно образование	Изработка на мозаик од природни материјали	Да се оспособат за создавање уметничко дело со природни материјали - каменчиња, школки	Собирање на природни ресурси - каменчиња, школки Правење скица на цртеж, Лепење на материјалот на тврда подлога: боење, лакирање и презентирање	Брегот на езерото
Трет ден	Македонски јзаик	Пишување на пораки во книгата за впечатоци ИКТ	Да научат да остават кратки пораку за впечатоците добиени за текот на наставата во природа	Секој ученик запишува по една порака во книгата за впечатоци	Во училница
	Математика	Множење и делење	Автоматизирано усно множење и делење со полни десетки	Учениците играат квиз на знаење, поделени на лева и десна група според местото на седење во автобусот	Во автобус
	Музичко образовани е	Пеење песни	да се оспособат за хорско (групно) пеење	Пеат песни од краевите низ кои минуваме	Во автобус
	ФЗО	Вежби за правилна моторна функција на локомоторниот апарат.	Да се оспособат да изведуваат вежби за правилна моторна функција на локомоторниот апарат - утринска гимнастика	Изведуваат вежби за вратот, горните и долните екстремитети и вежби за трупот	Во дворот на одморалиштето

ГОДИШНА ПРОГРАМА

ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИ ЕКСКУРЗИИ, ИЗЛЕТИ И ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ

во учебната 2025/2026 година

ООУ„Александар Урдаревски”-с.Сандево, Скопје

Техничка организација:

Согласно Правилникот за начинот за изведување на ученички екскурзии и други слободни активности на учениците од основните училишта донесен од МОН, ООУ„Александар Урдаревски“ с.Сандево ќе спроведе постапка со барање за прибирање на понуди за организирање на настава во природа со објавување на јавен оглас во најмалку двавесника.

Постапката ќе ја спроведува Комисијата составена од пет члена и тоа три члена од редовите на членовите на Советот на родители и два члена од редот на наставниците.

Настава во природа за учениците од V одделение во учебната 2025/2026 год. ќе ја реализира Туристичка Агенција која што ќе биде избрана од страна на училишната комисија за избор на најповолна понуда и која ќе ги исполнува сите потребни пропишани критериуми.

НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ

Наставата во природа ќе биде финансирана од страна на родителите-старателите.

Наставата во природа ќе ја реализира туристичка агенција која ќе биде избрана од училишната комисија и која што ќе ги исполнува сите потребни и пропишани критериуми.

7.Годишен план за изведување на набљудувања и посета на знаменитости и институции

ГОДИШНА ПРОГРАМА

ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИ ЕКСКУРЗИИ, ИЗЛЕТИ И ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ

во учебната 2025/2026 година

ООУ,,Александар Урдаревски”-с.Сандево, Скопје

Цел: Да се овозможи на учениците практично и визуелно учење преку директно набљудување на природата, сообраќајот, објекти, институции и културни настани во локалната заедница и пошироко.

Набљудувања на местото на живеење

Тема: Набљудување на природата и животната средина

Локација: училишен двор, парк, блиска шума или река

Активности: набљудување на флора и фауна, собирање лисја, препознавање на временски појави

Време: септември / јуни

Тема: Набљудување на сообраќајот

Локација: блиска раскрсница, автобуска/железничка станица

Активности: броење возила, анализирање на сообраќајни знаци, учење за безбедност во сообраќај

Време: септември / мај

Посети на институции и знаменитости

1. Културни институции

Театар за деца и младинци

Кино – едукативни проекции

Музеи – Археолошки, Природонаучен, Музеј на Град Скопје

Библиотеки – НУБ, училишна или општинска

Изложби и Саем на книга

Домови на култура

Златно славејче – музичка манифестација

2. Верски и културно-историски знаменитости

Цркви и манастири (Св. Спас, Св. Климент...)

Старата чаршија Куршумли ан, Даут пашин амам, Чифте амам
Скопско кале Камен мост, Плоштад Македонија
Археолошки локалитети – Градско

3. Научни и образовни установи

Планетариум,
Метеоролошка станица,
Железничка и автобуска станица,
Аеродром, организирана едукација
Институт за сеизмологија,
Институт за ветеринарна медицина,
Ботаничка градина при ПМФ,
ФИНКИ – демонстрации со роботи (за постари одделенија)

4. Јавни, административни и здравствени установи

Општина – канцеларија на градоначалник
Јавни претпријатија
Здравствен дом
Аптеки
Центар за прва помош или Црвен крст
Противпожарна станица
Полициска станица – оддел за превенција
Центар за управување со кризи

5. Индустриски и услужни објекти

Фабрика за слатки или храна
Јавна или училишна кујна
Пошта
Банка
Авто школа или сообраќаен полигон
Печатница или редакција на весник
Телевизиска или радио станица
Саем за образование и кариера (VIII-IX одд.)

6. Природни и рекреативни локации

Градски Парк
Парк на природата „Гази Баба“,„Водно“ Матка,
Козјак,
езерото Треска
Катлановска бања
Национални паркови: Маврово, Галичица, Пелистер
Канео – Охрид
Организирани еко-настави/истражувања
Зоолошка градина – запознавање со животински свет, за ученици од сите возрасти

7. Уметност, занаетчиство и традиција

Занаетчиска работилница – грнчар, ковач, столар, везилка
Ателје на сликар или скулптор

ГОДИШНА ПРОГРАМА

ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И ИЗВЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИ ЕКСКУРЗИИ, ИЗЛЕТИ И ВОНУЧИЛИШНИ АКТИВНОСТИ

во учебната 2025/2026 година

ООУ,,Александар Урдаревски”-с.Сандево, Скопје

Музичко училиште или концертна сала
Куклен театар, циркус или магионичарски настап

Општи цели на програмата за набљудувања и посети:

1. Да се развие љубопитноста, логичкото размислување и набљудувачките способности кај учениците.
2. Да се поттикне директно и активно учење преку реален контакт со содржините.
3. Да се збогати општата култура и општествена одговорност кај учениците.
4. Да се поврзат наставните содржини со животната реалност.
5. Да се развива почит кон природата, културата, науката и општеството. ---

Сите набљудувања и посети се планираат и реализираат од страна на наставниците во рамки на нивните наставни програми, согласно наставните цели и интересите на учениците. За секоја посета се обезбедува писмена согласност од родителите, а истата се најавува однапред на учениците, родителите и институциите.

Стручен тим кој ја изработи програмата:

1. **Сузе Велковска Радевска –**директор
2. **Гордана Поповска Чанговска -** социолог

2. **Благица Гогова**-одделенски раководител на IX одд

3. **Весна Вучковска**- одделенски раководител на IX одд

4. **Гордана Димитриева** -одделенски раководител на V одд

5. **Ана Гурмешевиќ** -одделенски раководител на III одд

6.**Стефан Ацковски** -одделенски раководител на VI одд